romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ ЗА ОБУКА ЗА СТУДЕНТИ РОМИ

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот"

## 1. Општи услови

1.1 Набавувач Здружение на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје

1.2 Предмет на барањето: Прибирање на понуди за сместување и транспорт за обука за средношколци Роми

1.3 Ромаверзитас го спроведува проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот", финансиран од Европска Унија и РЕФ. Главната цел на проектот е зголемување на пристапот и учеството на 30 студенти Роми во високо образование (10 студенти Роми по академска година) и нивната транзиција кон пазарот на трудот, како дел од зголемените образовни можности за студентите Роми и младите Роми. За реализација на планираните проектни активности здружението го објавува ова барање до квалификувани субјекти на територијата на Република Северна Македонија за добивање соодветни понуди за ангажман опишан подолу во барањето.

1.4 Секој понудувач мора да достави вкупна понуда по сите ставки, во спротивно ќе се смета дека понудата не е целосна и истата ќе биде одбиена.

1.5 Со оваа активност треба:

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да им помогне на студентите Роми да се запишат на универзитетот или да ја изберат вистинската професија при транзиција на пазарот на трудот
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел студентите да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на студентите да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите во текот на своето образование..

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

## 2. Понуда

2.1 Понудувачот треба да достави понуда согласно потребите на набавувачот, а во понудените содржини да содржи:

- Финасиска понуда за хотелско сместување на 12 лица за 2 дена, односно 24 полни пансиони
- Финасиска понуда за транспорт на 8 лица, од нивното место на живеење, до местото на одржување на обуката и назад

2.2 Обврски на понудувачот

- Да обезбеди хотелско сместување на 12 лица за 2 дена, односно 24 полни пансиони и транспорт на 8 лица, од нивното место на живеење, до местото на одржување на обуката и назад

## 3. Потребни документи

- Финансиска понуда

## 4. Критериум за избор на најповолен понудувач

- Цена

Доколку се исполнети сите барања се смета дека квалитетот е постигнат во целост.
Бодувањето на понудените цели се определуваат согласно процентетиот сооднос со најниската и највисоката понуда.

## 5. Облик на содржината на понудата

Понудата се изработува во писмена форма (формат во прилог)

| Ставка | Опис на услугата | Вкупна бруто цена (евра) |
|---|---|---|
| 1 | Хотелско сместување на 12 лица за 2 дена, односно 24 полни пансиони | |
| 2 | Транспорт на 8 лица, од нивното место на живеење, до местото на одржување на обуката и назад | |

Понудата заедно со другите потребни документи од Јавниот повик да се достават по електорнски пат на e-mail: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk **најдоцна до 17.06.2024 година**